ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ

## Средба на ФЗОМ со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност“

Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова и нејзиниот тим одржаа работна средба со Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“. На состанокот се разговараше за тековните потреби, за измените во Правилникот за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала. Претседателот на Националниот сојуз „Мобилност“, Бранимир Јовановски и претставниците од сојузот ја поздравија измената на Правилникот за скратување на роковите за протезите за работоспособно население, како и за ортопедските чевли за децата до 18 години.





Согласно „Стратегијата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија 2014-2015“ се разговараше и за дефинирање на стандардите на ортопедските помагала, односно листа А за стандардните помагала и листа Б за надстандардните помагала за кои осигуреникот ќе може да доплати од личните средства, но со ограничен лимит на доплата.

Беа разгледани и други прашања кои се од интерес на лицата со телесн инвалидитет како и модалитетите кои Фондот може да ги примени за да се излезе во пресрет на што повеќа барања на осигурениците. Фондот посочи дека се соочува со постојан пораст на потрошувачката на ортопедските помагала која од 2014 година е трикратно зголемена во однос на 2011 година.

Фондот продолжува со практиката да остварува редовни директни средби со здруженијата на граѓани за да се изнајдат најдобрите начини да се унапреди квалитетот на здравствени услуги согласно потребите на самите пациенти и осигуреници.